СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Петок, 28 март 1997
Скопје
Број 14 Год. LIII

Аконтацијата за 1997 година изнесува 6.400 денари. Овој број чини 100 денари. Жиро сметка 40100-603-12498

234.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

УКАЗ
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ДЕЛ ОД ДОЛГОТ ПО НОВАТА ФИНАНСИСКА СПОГОДБА ОД 1988 ГОДИНА И ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОБВРЗНИЦИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗАРАДИ ЗАМЕНА НА ТОЈ ДОЛГ

Се прогласува Законот за преземање на дел од долгот по Новата финансиска спогодба од 1988 година и за издавање на обврзници на Република Македонија заради замена на тој долг,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 20 март 1997 година.

Број 08-961/1
20 март 1997 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Киро Глигоров, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Тито Петковски, с.р.

ЗАКОН
ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ДЕЛ ОД ДОЛГОТ ПО НОВАТА ФИНАНСИСКА СПОГОДБА ОД 1988 ГОДИНА И ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОБВРЗНИЦИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗАРАДИ ЗАМЕНА НА ТОЈ ДОЛГ

Член 1

Со овој закон се уредуваат условите и начинот под кои Република Македонија ќе преземе дел од долгот по Новата финансиска спогодба (НФС) од 20 септември 1988 година, спрема странските комерцијални банки – Лондонски клуб на кредитори, заради регулирање на обврските на Стопанска банка А.Д. Скопје како основен должник и претпријатијата од Републиката како крајни корисници на кредитите рефинансирани со оваа спогодба и издавањето на обврзници на Република Македонија заради замена на тој долг.

Член 2

Преземањето на дел од долгот од член 1 на овој закон, ќе се врши по пат на размена на побарувањата кои ги имаат странските комерцијални банки спрема Стопанска банка А.Д. Скопје и претпријатијата од Република Македонија, како крајни корисници на кредитите рефинансирани со Новата финансиска спогодба со обврзници кои ќе ги издаде Република Македонија во износ утврден според член 3 од овој закон.

Размената на побарувањата со обврзници ќе се изврши на 26 март 1997 година.

Член 3

Република Македонија ќе преземе дел од долгот по Новата финансиска спогодба, кој се состои од збирот на следниве износи:

– 5,40% од главнината на долгот;
– 3,65% од каматата – пристигната а не платена и
– 3,65% од задоцнетата камата.

Апсолутниот износ на долгот, пресметан врз основа на овие проценти ќе се утврди на денот на размената на долгот со обврзници согласно со член 2 од овој закон.

Член 4

Рокот на отплата на преземениот долг изнесува 15 години со четири години почек за отплата на главнината. Отплатата на главнината и каматата ќе се врши полугодишно.

Првата рата за отплата на каматата пристигнува на 1 јануари 1998 година, а првата рата за отплата на главнината пристигнува на 1 јануари 2002 година.

Член 5

Каматната стапка по која ќе се пресметува долгот е ЛИБОР зголемен за 13/16, пресметана на годишно ниво.

За време на периодот на почек од член 4 на овој закон, во првите две години, односно во првите четири рати, каматата ќе се отплатува по стапка од 3,50%, а во последните две години од периодот на почек, односно од петтата до осмата рата, каматата ќе се отплатува по стапка од 3,75%.

Износот на разликата од процентите наведени во став 2 на овој член, до договорената каматна стапка од став 1 на овој член, ќе се припише кон главнината на долгот утврдена согласно со член 3 од овој закон.

Член 6

Главнината на долгот утврдена согласно со член 3 од овој закон и зголемена за делот на каматата, која ќе се припише кон главнината согласно со член 5 став 3 од овој закон, ќе се отплатува во период од 11 години, односно во 22 полугодишни рати со прогресивна стапка на отплата и тоа:

Рати	Процент на отплата
1–2	1,50%
3–8	2,00%
9–12	3,00%
13–14	4,50%
15–18	7,00%
19–22	9,00%

Член 7

За издавање на обврзниците од член 2 на овој закон, ќе биде ангажиран фискален агент.

Обврзниците ќе гласат на САД долари и ќе се котираат на листата на Луксембуршката берза.

Конверзијата на долгот од различни валути во САД долари ќе биде извршена врз основа на пазарниот курс што ќе биде во важност на денот пред да се изврши размената на побарувањата.

Член 8

Република Македонија ќе може да ги откупи обврзниците во секое време, под условите на пазарот на хартии од вредност или по пат на јавна понуда, под услов да нема неизмирени обврски на главнина и камата по оваа основа.

Со обврзниците, ќе можат да се вршат сите видови на конверзија на долгот, вклучувајќи ја и приватизацијата на претпријатијата во Република Македонија во согласност со важечките законски прописи.

Член 9

Република Македонија на денот на размената на побарувањата од член 2 став 2 на овој закон, ќе ги утврди странските кредитори со кои ќе ја изврши размената на побарувањата со обврзниците.

Член 10

Внатрешните односи меѓу Република Македонија која ги презема обврските за сервисирање на долгот спрема странските комерцијални банки и Стопанска банка А.Д. Скопје, како основен должник и претпријатијата од Републиката како крајни корисници на долгот, што ќе настанат како резултат на реализацијата на спогодбата постигната со Лондонскиот клуб на кредитори, ќе се регулираат со посебен пропис.

Член 11

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

235.

Врз основа на член 55 од Законот за заштита на спомениците на културата („Службен весник на СРМ" број 24/73/,42/76 и „Службен весник на Република Македонија" број 12/93) и Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија член 2 точка 6, Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 18 март 1997 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИК НА РЕПУБЛИКАТА ВО ОРГАНОТ НА УПРАВУВАЊЕТО НА ЗАВОДОТ ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА, ПРИРОДНИТЕ РЕТКОСТИ И МУЗЕЈ - ПРИЛЕП

1. Се разрешува од функцијата претставник на Републиката во органот на управувањето на Заводот за заштита на спомениците на културата, природните реткости и Музеј - Прилеп

Рубинчо Белчевски, пратеник во Собранието на Република Македонија.

2. За претставник на Републиката во органот на управувањето на Заводот за заштита на спомениците на културата, природните реткости и Музеј - Прилеп се именува

Благоја Брсакоски, раководител на Фондот за здравствено осигурување - ПЕ - Прилеп.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 11-945/1
18 март 1997 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за прашања
на изборите и именувањата,
Алил Џафероски, с.р.

236.

Врз основа на член 28 и 29 од Законот за личните доходи и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката („Службен весник на СРМ" број 36/90 и „Службен весник на РМ" број 38/91), Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 18 март 1997 година донесе

ОДЛУКА
ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА АВТОМОБИЛ ВО ЛИЧНА СОПСТВЕНОСТ ЗА СЛУЖБЕНИ ЦЕЛИ

1. Пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката имаат право на надоместок за користење на автомобил во лична сопственост за службени цели во висина од 30% од продажната цена на еден литар гориво според изминат километар за возилото кое се користи.

2. Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за висината на надоместокот за користење на автомобил во лична сопственост за службени цели број 10-3938/1 од 25 септември 1991 година.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 11-944/1
18 март 1997 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за прашања на изборите и именувањата,
Алил Џафероски, с.р.

237.

Врз основа на член 27, став 1 од Законот за девизното работење („Службен весник на РМ" бр.30/93) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

ОДЛУКА
ЗА ОТВОРАЊЕ НА ДЕВИЗНА СМЕТКА НА ОРГАНИТЕ И ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА ВО НАРОДНАТА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се регулира отворањето на девизните сметки на органите и организациите на државната управа во Народната банка на Република Македонија (во натамошниот текст: Народната банка).

Член 2

Органите и организациите на државната управа по претходно прибавена писмена согласност од Министерството за финансии отвораат девизни сметки во Народната банка.

Девизните сметки се отвораат за намената која е определена во согласност на Министерството за финансии.

Член 3

Начинот на користење на девизните средства се утврдува во согласноста што ја дава Министерството за финансии за отворањето на девизната сметка.

Член 4

Функционерот кој раководи со органот на управата со решение ги овластува потписниците на девизните сметки за користење на девизните средства.

Овластеното лице го дава налогот за користење на девизниот прилив.

Член 5

Остварениот прилив на средства на сметките на органите и организациите на државната управа, Народната банка во денарска противвредност ја пренесува на жиро сметка на државниот орган, а плаќањето во странство се врши преку Народната банка.

Член 6

Девизните приливи на органите и организациите на државната управа кои немаат отворено девизна сметка

во Народната банка, Народната банка денарската противвредност ја пренесува на жиро сметка на државниот орган на управата.

Налогот за користење на девизниот прилив го дава функционерот кој раководи со органот на управата.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.23–252/1
17 март 1997 година
Скопје

Претседател на Владата на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р

238.

Врз основа на член 55 од Законот за надворешнотрговско работење („Службен весник на РМ" бр. 31/93, 41/93, 78/93 и 30/95) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

ОДЛУКА
ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ИЗВОЗОТ НА ЈАГНЕШКО И ОВЧО МЕСО ВО 1997 ГОДИНА

1. Претпријатието што во текот на 1997 година ќе извезе и наплати јагнешко и овчо месо во земјите надвор од Европската унија, има право на поттикнување на извозот.

2. Поттикнувањето на извозот од точката 1 на оваа одлука ќе се остварува во висина од 20,00 денари по килограм жива мера, под услов цената на месото да изнесува 70,00 денари по килограм жива мера.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија.

Бр. 23/463/2
17 март 1997 година
Скопје

Претседател на Владата на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

239.

Врз основа на член 1 став 2 од Законот за царинската тарифа („Службен весник на РМ" бр. 38/96), член 2 од Законот за посебните давачки при увоз на земјоделски и прехранбени производи („Службен весник на РМ" бр. 2/94) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 38/90 и 63/94), Владата, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОСЕБНИ ДАВАЧКИ ПРИ УВОЗ НА ОДДЕЛНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ

1. Се определува посебна давачка при увоз на говедско месо и месо од домашни кокошки од следните тарифни ознаки на Царинската тарифа и тоа:

Месо, говедско, свежо или разладено:

0201 10 00 00- Трупови и полутки . . . . . 3,00 ден/кгр
0201 20 - Други парчиња со коски:
0201 20 20 00-- Компензирани четврти. . .3,00 ден/кгр.
0201 20 30 00-- Неодвоени или одвоени предни четврти . . . . . .3,00 ден/кгр.
0201 20 50 00-- Неодвоени или одвоени задни четврти . . . . . .3,00 ден/кгр.
0201 20 90 00-- Други . . . . . .3,00 ден/кгр.
0201 30 00 00- Без коски . . . . . .3,00 ден/кгр.

Месо, говедско, замрзнато:

0202 10 00 00- Трупови и полутки . . . . . 3,00 ден/кгр
0202 20 - Други парчиња со коски:
0202 20 10 00-- Компензирани четврти. . .3,00 ден/кгр.
0202 20 30 00-- Неодвоени или одвоени предни четврти . . . . . .3,00 ден/кгр.
0202 20 50 00-- Неодвоени или одвоени задни четврти . . . . . .3,00 ден/кгр.
0202 20 90 00-- Други . . . . . .3,00 ден/кгр.
0202 30 - Без коски:
0202 30 10 00-- Предни четврти, цели или сечени најмногу на пет парчиња, секоја четврт да претставува една целина; компензирани чéврти во две парчиња, едно кое содржи предна четврт, цела или сечена најмногу на пет парчиња, и друѓа, задна четврт, исклучувајќи ја печеницата во еден дел . . . . . .3,00 ден/кгр.
0202 30 90 00-- Друго . . . . . .3,00 ден/кгр.

– Од домашни кокошки:

0207 11 00 00-- Несечено во парчиња, свежо или разладено . . . . . 6,00 ден/кгр.
0207 12 00 00-- Несечено во парчиња, замрзнато: . . . . . .6,00 ден/кгр.
0207 13 00 00-- Парчиња и отпадоци, свежи или разладени . . . . .6,00 ден/кгр.
0207 14 00 00-- Парчиња и отпадоци, замрзнати . . . . . .6,00 ден/кгр.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 23–715/1
24 март 1997 година

Претседател на Владата на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

240.

Врз основа на член 24 од Законот за трговија, („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/95, 30/95 и 43/95) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/90 и 63/94), Владата на Република Македонија донесе

О Д Л У К А
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ЕЛЕКТРИЧНАТА ЕНЕРГИЈА

1. Цените на електричната енергија формирани и применети по постојните тарифни ставови во пониските сезонски ставови, се определуваат како највисоки цени.

Претпријатијата и другите правни лица што вршат производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија, цените од став 1 на оваа точка ќе ги применуваат од 1 април 1997 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија".

Број 23-716/1
24 март 1997 година
Скопје

Претседател на Владата на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

241.

Врз основа на член 18 став 3 од Законот за правата, обврските и одговорностите на републичките органи во поглед на средствата во општествена сопственост што тие ги користат („Службен весник на СРМ", број 41/85 и 51/88), Владата донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ НА КИНОТЕХНИЧКА ОПРЕМА ОД ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

Член 1

Кинотехничката опрема: машина за развивање филмски траки, марка „ОМАК", апарат за копирање марка „МАФИ", камера со прибор, марка „АРИФЛЕКС", апарат за правење слики 6 х 9, марка „ЛЕТЛ-КОПЕР", марка за зголемување на слики 38 х 48 марка „Е. ЛИТЗ", апарат фото 6 х 6, марка „РОЛЛЕЙФЛЕКС", кино проектор марка „УКРАИНА-4" 16 мм. модел П-16-4, саат за експонирање марка „ЛАИКТ", кино камера 8 мм, марка „КРАУН" 8, апарат за копир документи марка „ПЕНФЕКТА" тип Д-38-2 мм, апарат комплет, марка „ЛИНКОФ", апарат за копирање на филмови, марка „АРРИ", тип мини принт, адаптер за рекордер марка „ШАРП" модел АА 220 Х, видео рекордер марка „ШАРП", тип ВС 220 Н и видео камера марка „ФИЛИПС", тип 4033/1; кои ги користи Министерството за одбрана, се пренесуваат без надоместок на неодредено време на Факултетот за драмски уметности – Скопје.

Член 2

За условите и начинот на користење на опремата од член 1 на оваа одлука, ќе се склучи договор помеѓу министерот за одбрана и деканот на Факултетот за драмски уметности – Скопје.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-648/1
24 март 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија
Бранко Црвенковски, с.р.

242.

Врз основа на член 34 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" број 4/96) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Сл. весник на РМ" бр. 38/90 и 63/94), Владата на Република Македонија донесе

О Д Л У К А
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ГРАДБА НА ТЕЛЕФОНСКА АТЦ ЦЕНТРАЛА ВО С. ЦЕПЧИШТЕ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА ЦЕПЧИШТЕ

1. Со оваа одлука се определуваат услови за градба на телефонска АТЦ централа во с. Цепчиште, што треба да се гради на КП број 234/1, КО „Цепчиште", во м.в. „Ограде", со вкупна површина од 400 м2, на подрачјето на општината Цепчиште, чиј инвеститор ќе биде Претпријатието за ПТТ сообраќај „Македонија" – ОО ПТТ „Тетово" од Тетово и се определува земјиштето кое му припаѓа на објектот за негова редовна употреба.

2. Составен дел на оваа одлука е графичкиот прилог – ситуација во М 1:500, кој не се објавува, а се наоѓа во Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 23-672/1
24 март 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

243.

Врз основа на член 34 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр. 4/96) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

О Д Л У К А
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ГРАДБА НА РИБНИК ЗА ОДГЛЕДУВАЊЕ НА КАЛИФОРНИСКА ПАСТРМКА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА САМОКОВ

1. Со оваа одлука се определуваат услови за градба на рибник за одгледување на калифорниска пастрмка, што треба да се гради на КП бр. 86/5, КО Белица, во м.в. Кај Шркалено, со вкупна површина од 800 м2, на подрачјето на општината Самоков, чии инвеститори ќе бидат Михајловски Крсте и Раде од Скопје и се определува земјиштето кое му припаѓа на објектот за неговата редовна употреба.

2. Составен дел на оваа одлука е графичкиот прилог – ситуација во М 1:200, кој не се објавува, а се наоѓа во Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-671/1
24 март 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

244.

Врз основа на член 10 од Законот за гаранција на Република Македонија за депонираните девизни влогови на граѓаните и за обезбедување средства и начин за исплата на депонираните девизни влогови на граѓаните („Службен весник на РМ" бр. 31/93, 70/94, 65/95 и 71/96), Владата на Република Македонија донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ИСПЛАТА НА ДЕВИЗНИ СРЕДСТВА ОД ДЕПОНИРАНИТЕ ДЕВИЗНИ ВЛОГОВИ НА ГРАЃАНИТЕ

Член 1

Во Одлуката за начинот и постапката за исплата на девизни средства од депонираните девизни влогови на граѓаните („Службен весник на РМ", бр. 37/93, 43/93, 61/93, 20/95 и 7/96), во членот 1 зборовите: „во текот на 1993, 1994, 1995 и 1996 година", се бришат.

Член 2

Во членот 2, по ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3 кои гласат:

„По исклучок од став 1 на овој член, на граѓаните на кои им е потребно лекување во странство, а трошоците за лекување не паѓаат на товар на средствата на Фондот за здравствено осигурување, банките ќе вршат исплата во висина од 50% од висината на сметката на здравствената институција од странство, но не повеќе од 2.000 ДЕМ во една календарска година. Банките исплатата ќе ја вршат врз основа на потврда од Министертвото за здравство и врз основа на претходно обезбедена сметка од здравствената институција од странство каде се врши лекувањето, како и врз основа на медицинска документација од здравствената организација во странство во случаи кога лицето е веќе лекувано во странство.

Министерството за здравство потврдата за исплатите од ставот 1 и 2 на оваа одлука ја издава врз основа на медицинска документација со конзилијарно мислење

од клиниките и институциите при Клиничкиот центар – Скопје, со најмалку три потписи од професори од факултетот, од кои еден потпис од директорот на соодветната организација".

Во ставот 2, кој станува став 4 по бројот „1" се додаваат зборовите: „и 2".

Ставот 3 се брише.

Ставот 4 станува став 5.

Член 3

Во членот 3 се додава нов став 1 кој гласи:

„За набавка на лекови и медицински помагала банките ќе вршат исплата во висина од 50% од сметката на здравствената установа, аптека и веледрогерија од странство, но не повеќе од 1.000 ДЕМ во една календарска година".

Ставовите 1, 2, 3 и 4 стануваат ставови 2, 3, 4 и 5.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-666/1
17 март 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

245.

Врз основа на член 17-б од Законот за промет со земјишта и згради („Службен весник на РМ" бр. 36/75, 41/75, 10/79, 51/88, 38/91 и 4/93) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДАЖБА НА ОБЈЕКТ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Одлуката за продажба на објект сопственост на Република Македонија, објавена во „Службен весник на РМ" бр. 33/94, во член 2, бројот „8580" да се замени со бројот „5667".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1514/1
24 март 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

246.

Врз основа на член 27 став 12 од Законот за царините („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/93 и 63/95) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПРЕМА КОЈА МОЖЕ ДА СЕ УВЕЗЕ БЕЗ ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА

1. Со ова Решение се утврдува опремата која не се произведува во Република Македонија и може да се увезе без плаќање царина, а за потребите на Министерството за сообраќај и врски – Дирекција за цивилна воздушна пловидба и тоа:

Тарифен број	Тарифна ознака	НАИМЕНУВАЊЕ	Количина
1	2	3	4
8502		Електрични генераторски агрегати и ротациони конвертори (претворувачи):	
		– Генераторски агрегати со клипни мотори со внатрешно согорување на палење со помошна компресија (дизел или полудизел мотори):	
	8502 11	– Со моќност од 75 kVA:	
	8502 11 99 00	---- Со моќност над 7,5 kVA до 75 kVA	2 парчиња
	8502 12	-- Со моќност над 75 kVA до 375 kVA	
	8502 12 90 00	--- Други	2 парчиња
	8502 13	-- Со моќност над 375 kVA:	
	8502 13 91 00	---- Со моќност над 375 kVA до 750 kVA	2 парчиња
8504		Електрични трансформатори, статички конвертори (на пр. исправувачи) и индуктивни калеми:	
	8504 40	- Статички конвертори	
	8504 40 30 00	---Модули за напојување од вид кои се употребуваат кај машините за автоматска обработка на податоци	4 парчиња

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 23-705/1
24 март 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

247.

Врз основа на член 153, став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 24 февруари 1997 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И ФИЗИЧКА КУЛТУРА

1. За помошник на министерот за образование и физичка култура за информатика и информационен систем на Министерството за образование и физичка кул-

тура се назначува Владо Васиљевски дипл. електроинженер, вработен во Министерството за образование и физичка култура.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-499/1
24 февруари 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

248.

Врз основа на член 153, став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 24 февруари 1997 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И ФИЗИЧКА КУЛТУРА

1. За помошник на министерот за образование и физичка култура за инвестиции, градежни работи и тековно одржување на објекти се назначува Сашо Стојчески, дипл. инженер архитект, вработен во Министерството за образование и физичка култура.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-500/1
24 февруари 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

249.

Врз основа на член 96, став 3 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95; 24/96 и 34/96) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3 март 1997 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА ОУ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" – ПРИЛЕП

1. Билјана Ефтимоска се разрешува од функцијата член на Училишниот одбор на ОУ „Блаже Конески" – Прилеп, поради нејзино вработување во ова училиште.

2. За член на Училишниот одбор на ОУ „Блаже Конески" – Прилеп се именува Душан Шаркоски, наставник во ОУ „Јонче Смугрески" с. Обршани, Прилеп.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-57/1
3 март 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

250.

Врз основа на член 153, став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3 март 1997 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА РЕПУБЛИЧКАТА УПРАВА ЗА ВОДОСТОПАНСТВО

1. За советник на директорот на Републичката управа за водостопанство во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се назначува Илија Левков, досегашен советник на директорот на Републичката управа за водостопанство.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-317/2
3 март 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

251.

Врз основа на член 141 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3 март 1997 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА РЕПУБЛИЧКАТА УПРАВА ЗА ВОДОСТОПАНСТВО

1. За директор на Републичката управа за водостопанство во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се именува Воислав Попов, досегашен директор на Републичката управа за водостопанство.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-318/2
3 март 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

252.

Врз основа на член 153, став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3 март 1997 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА УРБАНИЗАМ, ГРАДЕЖНИШТВО И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

1. За советник на министерот за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина се назначува Марјан Ивановски, дипл. градежен инженер, директор на Приватното градежно претпријатие „Конструктор" – Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-332/2
3 март 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

253.

Врз основа на член 153, став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3 март 1997 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОТСЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА

1. Се разрешува Ѓорѓи Бојчевски од должноста потсекретар во Министерството за култура.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-566/2
3 март 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

254.

Врз основа на член 153, став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3 март 1997 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА КУЛТУРА

1. Се разрешува Јадранка Бошковска од должноста помошник на министерот за култура за план, анализа и финансии, поради распоредување на други работи и задачи во Министерството за култура.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-566/3
3 март 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

255.

Врз основа на член 153, став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3 март 1997 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА КУЛТУРА

1. За помошник на министерот за култура за план, анализа и финансии се назначува Соња Наумовска, досегашен советник на министерот за култура.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-566/4
3 март 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

256.

Врз основа на член 153, став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3 март 1997 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА КУЛТУРА

1. За помошник на министерот за култура за сценско уметничка дејност се назначува Драган Паневски, досегашен советник на министерот за култура.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-566/5
3 март 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

257.

Врз основа на член 158, став 3 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3 март 1997 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА РЕПУБЛИЧКИ СОВЕТНИК ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА

1. Се разрешува Тодор Ацисанков од должноста републички советник во Министерството за одбрана, поради исполнување услови за пензија, заклучно со 28.02.1997 година.

2. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-575/1
3 март 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

258.

Врз основа на член 153, став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 10 март 1997 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА СЕКРЕТАРОТ ЗА СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА ИНФОРМАЦИИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За помошник на секретарот на секретаријатот за информации на Владата на Република Македонија и раководител на Секторот за информативно-пропагандна дејност кон странство се назначува Мирјана Јанковска, досегашен помошник и раководител на Секторот за информативно-пропагандна дејност кон странство.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-307/2
10 март 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

259.

Врз основа на член 153, став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 10 март 1997 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА СЕКРЕТАРОТ НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА ИНФОРМАЦИИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За помошник на секретарот на Секретаријатот за информации на Владата на Република Македонија и раководител на Секторот за јавно и интерно информирање се назначува Јанко Николовски, досегашен помошник и раководител на Секторот за јавно и интерно информирање.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-308/2
10 март 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

260.

Врз основа на член 141 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 10 март 1997 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ГЛАВЕН РЕПУБЛИЧКИ ИНСПЕКТОР ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ

1. За главен републички инспектор за градежништво и урбанизам се именува Љупчо Димитровски, досегашен виш советник во Секторот за урбанизам во Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-529/2
10 март 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

261.

Врз основа на член 153, став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 10 март 1997 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА УРБАНИЗАМ, ГРАДЕЖНИШТВО И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

1. Се разрешува м-р Никола Србиновски од должноста помошник на министерот за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина, за заштита на животната средина.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-553/2
10 март 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

262.

Врз основа на член 153, став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 10 март 1997 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА УРБАНИЗАМ, ГРАДЕЖНИШТВО И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

1. За советник на министерот за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина се назначува м-р Никола Србиновски, досегашен помошник на министерот за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-553/3
10 март 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

263.

Врз основа на член 153, став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 10 март 1997 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА УРБАНИЗАМ, ГРАДЕЖНИШТВО И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

1. За помошник на министерот за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина, за заштита на животната средина се назначува м-р Методија Димовски, досегашен советник во Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-555/2
10 март 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

264.

Врз основа на член 153, став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 10 март 1997 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА УРБАНИЗАМ, ГРАДЕЖНИШТВО И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

1. Се разрешува Драган Ристески, од должноста помошник на министерот за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина, за извршување на поединечни управни акти.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-557/2
10 март 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

265.

Врз основа на член 153, став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 10 март 1997 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА УРБАНИЗАМ, ГРАДЕЖНИШТВО И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

1. За помошник на министерот за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина, за извршување на поединечни управни акти, се назначува Стевче Ѓурчевски, досегашен виш советник во Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-557/3
10 март 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

266.

Врз основа на член 153, став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 10 март 1997 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА РАЗВОЈ

1. За советник на министерот за развој се назначува Целал Рамадани, дипл. економист.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-565/2
10 март 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

267.

Врз основа на член 141, од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 10 март 1997 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ФОНДОТ ЗА ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА

1. За директор на Фондот за заштита и унапредување на животната средина и природата во состав на Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина, се именува Драган Ристески, досегашен помошник на министерот за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-597/2
10 март 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

268.

Врз основа на член 141, од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 10 март 1997 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ГЛАВЕН РЕПУБЛИЧКИ ИНСПЕКТОР ЗА ТРУД

1. Се разрешува Ѓорѓи Стрезовски од должноста главен републички инспектор за труд, поради заминување на друга должност, заклучно со 4.03.1997 година.

2. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-634/1
10 март 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

269.

Врз основа на член 153, став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 10 март 1997 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОМОШНИК ЗА МИНИСТЕРОТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

1. Се разрешува Славко Саздов од должноста помошник на министерот за внатрешни работи и раководител на Управата за финансии и други заеднички работи.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-635/1
10 март 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

270.

Врз основа на член 8 од Законот за Дирекцијата за цивилна воздушна пловидба („Службен весник на РМ" бр. 20/95), директорот на Дирекцијата за цивилна воздушна пловидба, донесе

ПРАВИЛНИК
ЗА ОЗНАКАТА НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ЦИВИЛНА ВОЗДУШНА ПЛОВИДБА

Член 1

Со овој правилник се утврдува ознаката на Дирекцијата за цивилна воздушна пловидба (во натамошниот текст: Дирекција).

Член 2

Ознаката на Дирекцијата е осмокрако сонце од знамето на Република Македонија со стилизација – изгрев од планина лоцирана во географската карта на Република Македонија. Над ознаката се наоѓа двоен напис на кратенката на Дирекцијата за цивилна воздушна пловидба, **ДЦВП – DGCA** (македонски – англиски).

Член 3

Ознаката е изработена во следните бои:
– стилизирани крила со темно сина;
– основата на кругот со светло сина;
– ловоровиот венец со светло и темно зелена боја, со ливчиња вдолж поделени со црни линии;
– територијата на РМ со црвена боја, идентична со бојата на знамето на РМ;
– сонцето со краците со жолта боја, како на знамето на РМ;
– буквите со црна боја и
– сите облици се врамени со црни тенки линии.

Член 4

Димензиите на ознаката се следниве:
– основната широчина „А" на знакот е мерка за сите други димензии;
– вкупната широчина изнесува 5/9 од „А"
– кругот е со дијаметар 2/5 од „А"
– широчината на стилизираните крила изнесува 1/6 од „А"
– широчината на географскиот приказ на границите изнесува 1/4 од „А".

Член 5

Идејното решение на визуелниот изглед на ознаката (цртежот) е составен дел на овој правилник.

Член 6

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 03/196
17 март 1997 година
Скопје

Директор,
Горан Павловски, с.р.

271.

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 56, 70 и 78 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/92), на седницата одржана на 12 март 1997 година, донесе

ОДЛУКА

1. СЕ ОДБИВА барањето на Никола Јованоски, Блага Тошеска, Борче Дамјаноски и Зоран Ристески сите од Крушево за поведување на постапка за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот, што се однесуваат на слободата на политичкото дејствување, повредена со Решението на потпретседателот на Собранието на Општината Крушево за свикување на Прва седница на Советот на општина Крушево за 19 декември 1996 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

3. На Уставниот суд на Република Македонија, Никола Јованоски, Блага Тошеска, Борче Дамјаноски и Зоран Ристески сите од Крушево му поднесоа барање за поведување постапка за заштита на слободите и правата наведени во точката 1 од оваа одлука, затоа што по завршувањето на локалните избори за членови на Советот на Општината Крушево на 17 ноември 1996 година, во согласност со член 30 став 1 од Законот за локалната самоуправа, претседателот на Собранието на Општината Крушево, м-р Јован Дамчески, благовремено, за 16 декември 1996 година ја свикал првата конститутивна седница на Советот на Општината Крушево. Меѓутоа, на закажаното место и термин се одзвале вкупно шест членови на Советот (од кои четворицата се подносители на барањето), а другите седум членови на Советот од редот на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, заради опструкција од страна на претседателот на Општинската организација на СДСМ-Крушево, инаку избран за градоначалник, не присуствувале на седниците. Напротив, градоначалникот Иван Андрески, во својство на дотогашен потпретседател на Собранието на Општината Крушево, спротивно на одредбата на член 30 став 1 од Законот за локалната самоуправа, нелегитимно, со решение ја свикал првата седница на Советот за 19 декември 1996 година. Со таквото решение како поединечен и конечен акт, според подносителите на барањето, била оневозможена и повредена нивната со Устав загарантирана слобода на политичко дејствување, поради што се бара негово поништување.

4. Судот на седницата утврди дека со Решението за свикување на Прва седница на Советот на Општината Крушево за 19 декември 1996 година, само се свикува седницата и се предлага нејзиниот дневен ред.

Исто така, Судот утврди дека конституирањето на советот на единицата на локалната самоуправа е уредено со Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/95 и 60/95). Така, според член 30 став 1 од овој закон првата седница на новоизбраниот совет ја свикува претседавачот на советот на единицата на локалната самоуправа од претходниот состав најдоцна во рок од 30 дена од денот на завршувањето на изборите. Според ставот 2 на овој член, ако советот на единицата на локалната самоуправа не се свика во рокот од став 1 на овој член, членовите на советот сами се состануваат и под претседавање на најстариот член на советот го конституираат советот 31 ден од денот на завршувањето на изборите, а според став 3 од овој член на Законот, ако седницата не се одржи во рокот од став 2 од овој член ќе се распишат избори за членови на советот, на начин утврден со закон.

Според член 32 став 4 од Законот, советот може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинството од вкупниот број членови на советот.

Градоначалникот на единицата на локалната самоуправа, согласно член 44 став 1 од Законот, е должен на советот на единицата на локалната самоуправа да му укаже на неуставноста и незаконитоста на актот, односно одлуката донесени во самостојната надлежност за седум дена, а според став 4 од овој член, ако актот не се усогласи со Уставот и закон, градоначалникот е должен да ја извести Владата на Република Македонија за неуставноста и незаконитоста на актот во рок од 15 дена од денот на неговото донесување.

Според член 68 од Законот, надзорот над законитоста на работата на органите на единиците на локалната самоуправа го вршат Владата на Република Македонија и надлежните министерства.

5. Со Уставот на Република Македонија е воспоставена непосредна уставно-судска заштита на одредени слободи и права на човекот и граѓанинот, во случај на нивна повреда. Така, во член 50 став 1 од Уставот е дадено право на секој граѓанин да се повика на заштита на слободите и правата утврдени со Уставот пред судовите и пред Уставниот суд, врз начелата на приоритет и итност.

Притоа, со член 110 алинеја 3 од Уставот се определени слободите и правата што е надлежен да ги штити Уставниот суд, а како една од тие слободи е и слободата на политичко здружување и дејствување.

Според член 20 од Уставот на граѓаните им се гарантира слободата на здружување заради остварување и заштита на нивните политички, економски, социјални, културни и други права и уверувања. Граѓаните можат слободно да основаат здруженија на граѓани и политички партии, да пристапуваат кон нив и од нив да истапуваат.

Според тоа, со Уставот се создаваат нормативни претпоставки кои се општи и еднакви за сите, со што се обезбедува рамноправна положба на сите граѓани во можноста да се вклучат и да влијаат на вршењето на власта во државата.

Користејќи ја слободата на уверувањето, граѓаните и политички се определуваат со прифаќање или одбивање на определено политичко гледање или движење, со нивно активно поддржување или несогласување, со основање и членување или нечленување во одредени политички партии или здруженија, преку кои ги остваруваат своите политички интереси.

Со уставното гарантирање на слободата на здружување се овозможува правото на човекот и граѓанинот на слободно политичко здружување и дејствување, како и заштита на автономноста на политичките партии од можната репресивна реакција на актуелните носители на власта.

Слободата на здружување се остварува преку означените манифестации, преку кои човекот делува како слободна личност без поставување на идејни бариери за уверувањето и за формите на организирање заради нивно остварување, освен во случај на злоупотреба на оваа слобода заради пропагирање на насилство, агресија и омраза меѓу луѓето.

Слободата на политичкото здружување и дејствување, како основно право се остварува непосредно врз основа на Уставот, при што со Уставот се наведени случаите поради кои може да се ограничи оваа слобода на човекот и граѓанинот, така што надвор од уставно определените случаи Уставот не може да послужи како основа за оневозможување на изразувањето или за присилно насочување на политичките идеи, ставови и уверувања на мислата и на политичкото здружување и дејствување.

Во согласност со уставната концепција за неделивост и меѓусебна поврзаност и условеност на слободите

и правата на човекот и граѓанинот, слободата на политичкото здружување и дејствување не е цел сама за себе, туку претставува неопходен услов за потврдување на човекот како слободен поединец во оние случаи кога во заедница со други луѓе има потреба своите уверувања и интереси да ги изразува и остварува преку здруженија на граѓани и политички партии заради учество или влијание врз вршењето на власта. Користењето на слободата на човекот и граѓанинот на политичко здружување и дејствување е условено со остварувањето на истата слобода на другите граѓани.

Исто така остварувањето на слободата на политичко здружување и дејствување не е апсолутна, туку таа слобода мора да се користи во рамките на уставните норми и во уставно предвидените институции, при што не е допуштено со користењето на оваа слобода да се кршат уставните норми и да се рушат уставно-предвидените институции на начин и постапка која излегува надвор од рамките на Уставот.

Според член 114 став 1 од Уставот на граѓаните им се гарантира правото на локална самоуправа, а според член 115 став 1 од Уставот, во единиците на локалната самоуправа граѓаните непосредно и преку претставници учествуваат во одлучувањето за прашањата од локално значење. Општината, според став 2 од овој член на Уставот, е самостојна во вршењето на надлежноста утврдена со Уставот и закон, а надзорот врз законитоста на нејзината работа го врши Републиката.

Според член 3 од Законот за локалната самоуправа граѓаните го остваруваат правото на локална самоуправа непосредно и преку претставници во органите на единиците на локалната самоуправа, а според член 26 од овој закон, советот на единицата на локалната самоуправа, како претставнички орган на граѓаните, го сочинуваат претставници на граѓаните избрани на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање. Според тоа, советниците на советот на единицата на локалната самоуправа, како избрани претставници на граѓаните, врз основа на политичкото здружување и дејствување на граѓаните и политичкиот плурализам, одлучуваат во советот во рамките на надлежностите на единицата на локалната самоуправа.

Тргнувајќи од напред наведеното, а имајќи предвид дека со оспореното решение само се свикува седница и се предлага нејзиниот дневен ред, според мислењето на Судот таквиот акт на работење односно дејствие, не претставува повреда на слободите и правата на човекот и граѓанинот, што се однесуваат на слободата на политичкото дејствување. Имено, во конкретниот случај, политичкото дејствување значи и определбата да се учествува или не во работата на така свиканата седница и воопшто во работата на советот, да се оспоруваат актите донесени на таквата седница, да се бара надзор над законитоста на работата и слично. Притоа, не е во надлежност на Уставниот суд да се впушта во оценката од (не)законито свикување на Конститутивната седница на Советот и нејзиното одржување.

Со оглед на наведеното, Судот оцени дека со оспореното решение не се повредуваат правата и слободите на човекот и граѓанинот политички да се здружуваат и дејствуваат, ниту пак на подносителите на барањето им е оневозможена односно повредена слободата на политичко дејствување.

6. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот д-р Јован Проевски и судиите Бахри Исљами, д-р Никола Крлески, Олга Лазова, д-р Стојмен Михајловски, д-р Милан Недков, Бесим Селими, д-р Јосиф Талевски и д-р Тодор Цунов.

У.бр. 26/97
12 март 1997 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република Македонија
д-р **Јован Проевски**, с.р.

272.

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 70/92), на седницата одржана на 26 февруари 1997 година, донесе

ОДЛУКА

1. Се укинува Одлуката за усвојување на измена и дополнување на дел од Деталниот урбанистички план – Зона на индустрија и колективно становање – локалитет „Графокомерц", донесена од Собранието на Општина Охрид на 19 мај 1994 година.

2 Се укинува решението со кое се запираат од извршување поединечните акти и дејствија донесени, односно преземени врз основа на оспорената одлука.

3. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

4. Уставниот суд на Република Македонија, по повод поднесена иницијатива од ПП „Графокомерц" – Охрид, со решение У.бр. 145/96 од 20 ноември 1996 година поведе постапка за оценување законитоста на одлуката означена во точката 1 од оваа одлука, затоа што основано се постави прашањето за нејзината согласност со Законот за просторното и урбанистичкото планирање.

5 Судот на седницата утврди дека со членот 1 од Одлуката се усвојува измената и дополнувањето на дел од Деталниот урбанистички план – Зона на индустрија и колективно становање на локалитетот „Графокомерц".

Според членот 2 од Одлуката нејзин составен дел се: текстуалниот дел, графичкиот приказ и одредбите за примена на планот.

Членот 3 од Одлуката содржи одредба која го задолжува изработувачот на планот во рок од 20 дена, сметано од денот на усвојувањето на измената и дополнувањето на делот од Деталниот урбанистички план, да изготви пречистен текст и истиот да го достави на стручната служба за собранискиработи.

Во членот 4 од Одлуката е предвидено овластување за претседателот на Собранието на Општина Охрид да го завери Планот со својот потпис и истиот да го достави на чување на стручната служба за собранискиработи при Собранието на Општина Охрид.

Последниот член, односно членот 5 од Одлуката содржи одредба според која оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Охрид".

6. Согласно член 33 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на СРМ" бр. 38/90), кој беше во сила во време на донесувањето на оспорената одлука, органот на управа надлежен за урбанизам му доставува на Собранието на Република Македонија, односно на собранието на општината предлог на урбанистичкиот план заедно со извештајот од јавната расправа со образложение за неприфатените забелешки.

Од оваа законска одредба произлегува дека органот на управата надлежен за урбанизам е должен на собранието на општината да му достави извештај од јавната расправа со образложение за неприфатените забелешки.

Со оглед на тоа што органот на управата надлежен за урбанизам не му доставил на Собранието на Општината извештај од јавната расправа по нацрт-планот со образложение за неприфатените забелешки, што е задолжителен дел од постапката при донесувањето на урбанистичките планови, Судот утврди дека постапката при донесувањето на оспорената одлука не се одвивала според закон.

Што се однесува до прашањето за вцртување на спорната нова локација во нацрт-планот по завршувањето на јавната расправа во него, што како факт е констатиран во стручната ревизија, Судот утврди дека тоа е сторено, исто така, надвор од рамките на законски предвидената постапка за донесување на урбанистичките планови, поради што оцени дека Планот е несогласен со Законот и од овој аспект.

Понатаму, во членот 19-а од Законот за системот на просторното и урбанистичкото планирање, меѓу другото, е предвидено дека графичкиот приказ е составен, односно задолжителен дел на урбанистичкиот план.

Од оваа одредба од Законот произлегува дека графичкиот приказ, како задолжителен дел на урбанистичкиот план, треба да се совпаѓа со неговиот текстуален дел.

Со оглед на тоа што, во конкретниов случај, Судот утврди дека измените на Планот не се внесени во неговиот графички приказ, односно дека Планот воопшто не содржи текстуален дел кој, како таков, е негов задолжителен дел, оцени дека истиот е несогласен со Законот и од овој аспект.

7. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

8. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот д-р Јован Проевски и судиите Бахри Исљами, д-р Никола Крлески, Олга Лазова, д-р Стојмен Михајловски, д-р Милан Недков, Бесим Селими, д-р Јосиф Талевски и д-р Тодор Цунов.

У. бр. 145/96
26 февруари 1997 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република Македонија
д-р **Јован Проевски,** с.р.

Огласен дел

СУДСКИ ОГЛАСИ

ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I – СКОПЈЕ

Пред основниот суд Скопје I – Скопје поднесена е тужба за раскинување на договор за закуп и исплатена главница од тужителот Стојче Добревски од Скопје, ул. „Ф. Розман“ бр. 2, против тужените Претпријатие „Македонија Реклам“ – Скопје, ул. „12-та Ударна бригада“ и против директорот на претпријатието Зоре Блажевски, сега со непозната адреса во странство.

Се повикува туженио Зоре Блажевски да се јави во Основниот суд во Скопје по објавувањето на огласот или да одреди полномошник кој пред судот ќе ги штити неговите интереси. Во спротивно, на туженио ќе му биде одреден привремен застапник кој што ќе го застапува пред судот до правосилното окончување на постапката.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, XIV П. бр. 306/97. (2994)

Основниот суд Скопје I – Скопје, согласно чл. 86, а во врска со член 84, ст. 2, т. 4 од Законот за процесната постапка во спорот за утврдување на право на сопственост П. бр. 4183/95 покренатa од тужителите Ваневски Павле и Ваневска Сребренка од Скопје за застапник го назначува лицето Роберт Велјановски од Скопје, на ул. „Кузман Капидан“ бр. 9 кој ќе го застапува туженио во оваа постапка се додека тој или неговиот полномошник не се појават пред судот.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, V. П. бр. 4183/95. (3277)

Пред овој суд се води процесна постапка за долг помеѓу тужителот Павлевски Никола од Скопје, против тужените Игно Стојановски и Јелица Илиќ – Стојановска, двајцата од Скопје, бул. „Партизански одреди“ бр. 66-б-1/14, сега со непозната адреса. Вредност неопределена со предлог за издавање на времена мерка.

Се повикуваат тужените да се јават во овој суд во рок од 30 дена по објавувањето на огласот или во истиот рок да ја достават својата сегашна адреса на живеење, односно да определат полномошник кој ќе ги застапува нивните интереси до правосилното окончување на спорот. Доколку тужените не се јават во определениот рок на истите ќе им биде определен привремен старател кој ќе ги застапува нивните интереси пред судот.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, I. П. бр. 96/96.

ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II – СКОПЈЕ

Пред Основниот суд Скопје II – Скопје се води постапка за развод на брак по тужбата на Татјана Марукиќ од Скопје, сега со престој во Брисел – Белгија, против туженият Сабахудин Марукиќ од Скопје, а сега со непозната адреса на живеење.

Бидејќи туженият е со непозната адреса и престој, за привремен старател му е поставен Оливер Ристовски, адвокат од Скопје, кој ќе го застапува во постапката сé додека тој или неговиот полномошник не се појават пред судот од правосилното завршување на спорот.

Од Основниот суд Скопје II – Скопје, IV. П. бр. 201/97. (3697)

Пред овој суд е заведен спор по тужбата на тужителот Стојановски Горан од с. Булачани – Скопје, против тужената Илона Белапко Стојановска, со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужената да се јави во овој суд во рок од 30 дена по објавувањето на огласот и во истиот рок да ја достави сегашната адреса на живеење.

Доколку не се јави во определениот рок, на истата ќе и биде поставен привремен старател во смисла на член 84 од ЗПП, кој што ќе ги застапува нејзините интереси до окончување на постапката или до нејзиното јавување во судот.

Од Основниот суд Скопје II – Скопје, II. П. бр. 397/96. (3802)

ОСНОВЕН СУД ВО ГЕВГЕЛИЈА

Пред Основниот суд во Гевгелија, заведен е предмет за прогласување на исчезнато лице за умрено по предлог на предлагачот Лилјана Пановска од Гевгелија.

Со оглед на тоа дека за лицето Петар Трајковиќ, роден на 10.XI.1927 година во Богданци, од татко Василије, и мајка Донка Трајковиќ, ништо не се знае повеќе од 20 години, се повикува истото лице, или секој друг што знае за него да се јави во Основниот суд во Гевгелија, во рок од 3 (три) месеци од објавувањето на овој оглас.

Во спротивно, по истекот на овој рок, судот ќе го прогласи лицето Петар Трајковиќ за умрено, согласно член 79 од Законот за вонпарнична постапка.

Од Основниот суд во Гевгелија, Р. бр. 105/91. (3713)

ОСНОВЕН СУД ГОСТИВАР

Основниот суд во Гостивар, врз основа на чл. 84, ст. 2, т. 4 од ЗПП, на туженият Садику Абдулезел, сега со непозната адреса, во спорот за исполнување на договор за купопродажба на движен имот, а по тужба на тужителот Велији Фаредин од с. Д. Бањица, му постави

привремен застапник, стручниот соработник на овој суд Димитриеска Душица која ќе го застапува тужениот во постапката за исполнување на договор за купопродажба на движен имот, се додека истиот или негов полномошник не се појави пред судот, односно додека органот за старателство не го извести судот дека му назначил старател.

Од Основниот суд во Гостивар, П. бр. 1258/96. (3683)

Пред Основниот суд во Гостивар заведен е спор за развод на брак по тужбата на тужителката Синани Сафије од Гостивар, ул. „Бањешница“ бр. 45, против тужениот Накши Синани, сега со непозната адреса на живеење.

Основниот суд во Гостивар, врз основа на чл. 84, ст. 2, т. 4 од ЗПП, на туженият му постави привремен застапник, стручниот соработник на овој суд Димитриеска Душица, која ќе го застапува сé додека истиот или негов полномошник не се појават пред судот, односно додека органот за старателство не го извести судот дека му назначил старател.

Од Основниот суд во Гостивар, П. бр. 1284/96. (3684)

Пред Основниот суд во Гостивар заведен е спор за развод на брак по тужбата на тужителката Асани Индира од село Велебрдо – Гостиварско, против туженият Мехрмани Билфреид, сега со непозната адреса на живеење.

Основниот суд во Гостивар, врз основа на чл. 84, ст. 2, т. 4 од ЗПП, на туженият му постави привремен застапник – стручниот соработник на овој суд Димитриеска Душица, која ќе го застапува во постапката се додека истиот или негов полномошник не се појават пред судот, односно додека органот за старателство не го извести судот дека му назначил старател.

Од Основниот суд во Гостивар, П. бр. 6/97. (3685)

Пред овој суд се води постапка за докажување на смртта на лицето Ибрахими Садик, порано од Гостивар, ул. „Младен Симоноски“ бр. 45 (каде починал), по предлог на предлагачот Спаи Шани од Гостивар, ул. „Младен Симоноски“ бр. 45.

Основниот суд во Гостивар го повикува лицето Ибрахими Садик, роден на 15.I.1929 година во Гостивар, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на РМ“ и на огласната табла на судот да се јави во Основниот суд во Гостивар.

Судот истовремено ги повикува сите лица што знат нешто за неговиот живот, да му соопштат на овој суд.

По истекот на овој рок, доколку повиканото лице не се јави пред овој суд, ќе се утврди дека ова лице е умрено.

Од Основниот суд во Гостивар, Р. бр. 228/96. (3700)

ОСНОВЕН СУД ВО ДЕБАР

Во врска со процесниот предмет за долг по тужбата на тужителот Наков Кирил од Скопје, ул. „Пиринска“ бр. 6/2-Карпош II, против туженият Коруми Леонардо од Дебар, сега со непозната адреса на живеење во Р. Албанија. Вредност на спорот 140 УСА долари и 20 ДЕМ.

Се повикува туженият да се јави во судот, достави точна адреса или определи полномошник, кој ќе го застапува во постапката во овој предмет во рок од 30 дена сметано од објавувањето на огласот.

По истекот на овој рок, на туженият ќе му се постави привремен застапник преку ЦСР – Дебар.

Од Основниот суд во Дебар, П. бр. 3/97. (3205)

Пред Основниот суд во град Дебар е дозволено извршување по И. бр. 101 од 04.III.1997 година на барателот на извршувањето Дрита Рамку да се усели во својот стан на ул. „Братство Единство“ бр. 9, Дебар, врз правосилната судска одлука П. бр. 71 од 16.I.1997 година.

Се повикуваат туженитe – извршениците да се јават во судот и достават точна адреса или определат полномошник кој ќе ги застапува по извршувањето на правосилната пресуда на овој суд во рок од 30 дена.

По истекот на овој рок, судот на извршениците ќе им постави привремен застапник.

Од Основниот суд во Дебар, И. бр. 101/97. (3638)

Пред Основниот суд во Дебар се води процесна постапка за развод на брак по тужбата на тужителот Сабедин Таировски од с. Г. Папрадник против тужената Зибиде Таировска, родена Шеху од с. Врањт, Република Албанија, сега со непозната адреса на живеење. Вредност на спорот 60.000,00 денари.

Се повикува тужената да се јави во судот, достави точна адреса или определи полномошник кој ќе ја застапува во постапката во овој предмет во рок од 30 дена сметано од објавувањето на огласот.

По истекот на овој рок, на тужената ќе ѝ се постави привремен застапник преку ЦСР – Дебар.

Од Основниот суд во Дебар, П. бр. 53/97. (3714)

ОСНОВЕН СУД ВО КУМАНОВО

Пред овој суд е поведена постапка за неосновано збогатување по тужбата на тужителот Трајковски Роберт од Куманово, против туженият Врањеш Дане на привремена работа во странство со непозната адреса на живеење. Вредност на спорот 5.300 ДЕМ.

На туженият му се одредува привремен застапник – стручен соработник при Основниот суд во Куманово – Мери Манаки Филиповска, која ќе го застапува сé додека тој или неговиот полномошник не се појави пред овој суд.

Од Основниот суд во Куманово, XI. П. бр. 09-1793/96. (3699)

Пред овој суд е поведена постапка за развод на брак по тужбата на тужителката Ѓурковска Родна, нас. Пуковско, ул. „11“ бр. 17, против туженият Методија Ѓурковски, со непозната адреса во Русија. Вредност на спорот 60.000 денари.

На туженият Методија Ѓурковски му се одредува привремен застапник – стручен соработник при овој суд Савре Спасовски, кој ќе го застапува сé додека тој или неговиот полномошник не се појави пред овој суд.

Од Основниот суд во Куманово, XI. П. бр. 09–1826/96. (3744)

ОСНОВЕН СУД ВО ТЕТОВО

Пред Основниот суд во Тетово во тек е постапка за развод на брак по тужбата на тужителката Ремзија Бејтулаи од с. Шемшево, застапувана од страна на полномошникот Махмуд Јусуфи, адвокат од Тетово, против туженият Авди Бејтулахи од с. Шемшево сега со непозната адреса во Германија.

Се повикува туженият да се јави во рок од 15 дена по објавувањето на огласот во „Службен весник на РМ“ во Основниот суд во Тетово, или пак да постави полномошник кој ќе ги штити интересите во спорот. Во спротивно, судот по службена должност преку ЦСР – Тетово ќе постави привремен старател кој ќе ги штити неговите интереси до правосилното окончување на спорот.

Од Основниот суд во Тетово, П. бр. 1579/96. (3204)

ЗАПИШУВАЊЕ ВО СУДСКИОТ РЕГИСТАР

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 4201/96 на регистарска влошка бр. 1-68670-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето на Друштвото за туризам и угостителство „МАКЕДОНИЈА ТАБАК – УГОСТИТЕЛСТВО“ ДООЕЛ, „III-та македонска бригада“ бб., Скопје.

Дејности: 080121, 080122, 080123, 080190.

Управител на ДООЕЛ, Владе Трајчевски.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 4201/96. (282)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 4200/96, на регистарска влошка бр. 1-68669-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето на Друштвото за трговија и шпедиција „МАКЕДОНИЈА ТАБАК – РАЗНО„ ДООЕЛ, „Трета македонска бригада“ бб, Скопје.

Дејности: 070211, 070212, 070124, 070128, 070129, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070230, 070250, 070211, 070212, 070213, 070214, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070140, 070150, 110301, 110303, 110109, 070320, 070310, посредување и застапување во прометот со стоки и услуги, продажба на странска стока од консигнација, продажба на стока во сопствени царински продавници, извоз-увоз на стоки и услуги во слободни царински зони, извоз-увоз, на стоки и услуги во малограничен промет, услуги на истражување, давање и користење на информации и знаење во стопанството.

Управител на ДООЕЛ е Уни Нича.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 4200/96. (283)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 4199/96, на регистарска влошка бр. 1-68632-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето на Друштво за производство и промет на цигари „МАКЕДОНИЈА ТАБАК – ЦИГАРИ„ ДООЕЛ, „III-та македонска бригада“ бб, Скопје.

Дејности: 013320, 070129, 070225, 070226, 070229, 110303, 070320.

Управител на ДООЕЛ е Нелковски Страшо.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 4199/96. (284)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 3952/96, на регистарска влошка бр. 1-68624-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето на Претпријатието Цветковска Александар Блашка „БИЉАНА“ Т.П. Колонијал, с. Ранковци, Крива Паланка.

Основач на претпријатието е Цветковска Блашка, с. Ранковци, Крива Паланка.

Дејности: 070111, 070112, 070113, 070114, 070129.

Цветковска Блашка одговара со целиот свој имот.

Цветковска Блашка, управител со неограничено овластување.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 3952/96. (285)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 4194/96, го запиша во судскиот регистар основањето на Трговец-поединец, Сашо Стојан Миладиновски, „ЕЛИЗАБЕТ“ „ТП“ ул. „Мацари“ бб, Скопје.

Трговец-поединец е основан со пријава бр. 1 од 25.11.1996 година.

Трговец-поединец: Сашо Миладиновски од Скопје.

Дејности: 070121, трговија на мало со текстил и конфекција.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 4194/96. (286)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 3636/96 на регистарска влошка бр. 1-37643-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на директор на Претпријатието за откуп производство услуги и трговија на големо и мало „ЈАКТА КОМПАНИ“ д.о.о. бул. „Јане Сандански“ бр. 25-2/31, Скопје.

Се брише Јана Стефановска се запишува Татјана Стефановска како нов директор.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 3636/96. (1)

Основниот суд Битола, со решението Срег. бр. 3811/96, на регистарска влошка бр. 1-188, ја запиша во судскиот регистар промената на запишување на податоци на промени настанати со примена за ЗТПКО, организирање и дополнување на дејности на „ЖИВИНО ПРОМ“ ДОО-Охрид п.о. ул. „Железничка“ бр. 16, Охрид.

Дејности: 013010, 013021, 013022, 013041, 013042, 013050, 013200, 020110, 020140, 070113, 070121, 070122, 070126, 070131, 070150, 070227, 070240, 013030, 070111, 070112, 070114, 070123, 070124, 070125, 070126, 070128, 070129, 070132, 071040, 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070229, 070230, 070250, 072060, 080111, 080112, 080113, 080114, 080119, 080121, 080122, 080123, 080129, 080190, 070310, 070320, 070150, 070240.

Основна главница 940.000 ДЕМ

Полни овластувања. Полна одговорност.

Лице овластено за застапување е Владимир Аврамоски, директор.

Од Основниот суд Битола, Срег. бр. 3811/96. (2)

Основниот суд Битола, со решението Срег. бр. 3860/96 на регистарска влошка бр. 1-771, ја запиша во судскиот регистар промената на запишување на податоци за промените на АД настанати со примена на ЗТПОК и промена на фирма на Акционерското друштво за рехабилитација, професионално оспособување и вработување на инвалидизирани лица „ФУСТЕЛАРКО БОРЕЦ“ со п.о. Индустриски дел на градот бб, Битола.

Новата фирма гласи: Акционерско друштво за рехабилитација, професионално оспособување и вработување на инвалидизирани лица „ФУСТЕЛАРКО БОРЕЦ“ со п.о. Битола.

Од Основниот суд Битола, Срег. бр. 3860/96. (3)

Основниот суд Битола, со решението Срег. бр. 3409/96 на регистарска влошка бр. 1-571, го запиша во судскиот регистар организирање на Акционерското друштво, фабрика за свилени платна „ИЛИНДЕНТАМ“ п.о. „Индустриска“ бб, Битола.

Основната главница на друштвото изнесува: 6.635.071,00 ДМ.

Дејности: 012621, 012622, 012623, 012624, 012691, 012699, 012830, 070111, 070112, 070113, 070114, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070128, 070129, 070131, 070140, 071050, 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070227, 070229, 070230, 070240, 080111, 080112, 080113, 080114, 080121, 080122, 080123, 080129, 080190, 080201, 080202, 060502, 110309, 070132, 070250, 070310, 070320, услуги на меѓународниот транспорт на стоки и патници, меѓународен транспорт на стоки и патници.

Соња Николовска претседател на Управниот одбор со неограничени овластувања во рамките на запишаните дејности.

Се брише од судскиот регистар лицето Владо Пејчиновски.

Од Основниот суд Битола, Срег. бр. 3409/96. (4)

Основниот суд Битола, со решението Срег. бр. 3668/96 на регистарска влошка бр. 1-3124, го запиша во судскиот регистар пристапување на основач и промена на овластено лице на Претпријатието за производство, угостителство, трговија и услуги „БИ-БО" увоз-извоз п.о. ул. „Гоце Делчев" бр. 182, Охрид.

Претпријатието е основано со одлука од 18.11.1996 год., а основач е Дејан Кузмановски.

Лице овластено за застапување на субјектот на упис е Дејан Кузмановски, и во надворешно трговското работење како директор.

Му престанува овластувањето за застапување и во надворешно трговското работење на Трајко Котески и се брише од судскиот регистар.

Од Основниот суд Битола, Срег. бр. 3668/96. (5)

Основниот суд Битола, со решението Срег. бр. 3371/96 на регистарска влошка бр. 1-18887, го запиша во судскиот регистар упис на Трговец поединец „СЛАВИЦА СТОЈКО ПЕТРЕСКА" ТП ул. „Маршал Тито" бб, Кичево.

Претпријатието е основано со акт за основање од 25.10.1996 год., а основач е Славица Петреска од Кичево.

Дејности: 070121, текстил и конфекција.

Претпријатието во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка, а за обврските настанати во правниот промет претпријатието целосно одговара.

Лице овластено за застапување е Славица Петреска, без ограничување.

Од Основниот суд Битола, Срег. бр. 3371/96. (6)

Основниот суд Битола, со решението Срег. бр. 2947/96 на регистарска влошка бр. 1-18852, ја запиша во судскиот регистар на Трговец поединец ЛАЗАРЕВСКИ БЛАГОЈЧЕ „БИМБО" ул. „Тошо даскалот" 20, Битола.

Основач: Благојче Лазаревски.

Дејности: 090121, поправка и одржување на друмски моторни возила.

Трговецот поединец одговара за сите обврски лично, со целиот свој имот.

Овластен потписник е Благојче Лазаревски.

Од Основниот суд Битола, Срег. бр. 2947/96. (7)

Основниот суд Битола, со решението Срег. бр. 3697/96 на регистарска влошка бр. 1-737, ја запиша во судскиот регистар запишување на податоци за промените по ЗТПОК и промена на фирма на Акционерското друштво за производство и трговија на корпусен, тапациран мебел и градежна столарија „СОВРЕМЕН ДОМ" извоз-увоз ул. „Александар Македонски" бб, Прилеп.

Новата фирма гласи: Акционерско друштво за производство и трговија со корпусен, тапациран мебел и градежна столарија „СОВРЕМЕН ДОМ" извоз-увоз, п.о. Прилеп.

Од Основниот суд Битола, Срег. бр. 3697/96. (8)

Основниот суд Битола, со решението Срег. бр. 3722/96 на регистарска влошка бр. 1-19020, го запиша во судскиот регистар упис на Трговец поединец за трговија на мало „ИГОР ЈОНЧЕ НИЧЕСКИ" – Струга ТП ул. „15 Корпус" бр. 36, Струга.

Основач: Игор Нически од Струга.

Дејности: 070140, трговија на мало со возила и делови.

Од Основниот суд Битола, Срег. бр. 3722/96. (9)

Основниот суд Штип, со решението Срег. бр. 2205/96 на регистарска влошка бр. 1-805-0, го запиша во судскиот регистар проширување на дејноста на Трговското претпријатие за трговија на големо и мало во приватна сопственост „МАКЕДОНИЈА" со п.о. ул. „1-ви Мај" бб, Радовиш.

Дејности: 090121, 090139.

Од Основниот суд Штип, Срег. бр. 2205/96. (10)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 4662/96 на регистарска влошка бр. 1-68696-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето на трговец поединец Таксист ТП „ЦОБЕ" Слободан Павле Петрески ул. „512" бр. 10, Јурумлери, Скопје.

Основач: Слободан Павле Петрески.

Дејности: 060602, превоз на патници со такси автомобили.

Одговорност: одговара со целиот свој личе имот.

Одговорно лице е СлободанПетревски, управител со неограничени овластувања.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 4662/96. (327)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 3888/96, на геригстарска влошка бр. 1-6694-0-0-0, го запиша во судскиот регистар запишување трговец поединце ТП „РУМЕЛИ" Узџан Муамер Шахин ул. „190" бр. 6, Скопје.

Основач: Зџан Муамер Шахин, ул. Струмичка" бр. 12/1-6.

Дејности: 080190, други угостителски услуги.

Неограничено овластување, одговара со целито свој имот.

Узџан Муамер Шахин, управител без ограничување.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 3888/96. (328)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 5163/96 на регистарска влошка бр. 1-68700-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето на Трговец поединец „ИЛИНА-КОМПАНИ ТП Даниел Драги Вењановски, превоз на стоки и патници, бул. „Стив Наумов" бр. 7/2, Скопје.

Основач: Вељановски Даниел.

Дејности: 060501, 060502, 060503, 060601, 060602.

Онеограничено овластување, одговара со целиот имот.

Управител Вељановски Даниел, без ограничување.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 5163/96. (329)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 4704/96 на регистарска влошка бр. 1-68663-0-0-0, го запиша во судскиот регистар уписот на ТП Авто такси ТП „ТУРБО" Јован Стеван Николовски, ул. „Варшавска" бр. 17/4-13, Скопје.

Основач: Јован Николовски од Скопје.

Дејности: 060602.

Во правниот промет трговското претпријатие истапува во свое име и за своја сметка, а за обврските

настанати во правниот промет трговското претпријатиео целосно одговара.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 4704/96. (330)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 4712/96 на регистарска влошка бр. 1-68664-0-0-0, го запиша во судскиот регистар трговце поединец авто такси „САШО" Сашо Бранислав Живанчевиќ ТП ул. „Вамбел" бр. 2/1-12, Скопје.

Дејности: 060602, превоз на патници со такси автомобили.

Во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка, а за обврските настанати во правниот промет со трети лица целосно одговара.

Лице овластено за застапување е Сашо Бранислав Живанчевиќ, со неограничено овластување.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 4712/96. (331)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 4419/96 на регистарска влошка бр. 1-68702-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето на Трговското друштво во приватна сосптвеност за производство, трговија и услуги „ХОСПИТАЛИЈА-ЉУБИНКА" ДООЕЛ, извоз-увоз, ул. „Кузман Јосифовски-Питу" бр. 34, Скопје.

Трговското друштво е основано со изјава за основање од 01.12.1996 год., а единсвтен содружник е Љубинка Војницалева-Шундуловска.

Дејности: 011910, 070111, 070112, 070113, 070114, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070128, 070129, 070131, 071032, 070140, 070150, 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070227, 070229, 070230, 070240, 070250, 070260, 070310, 070320, 110302, 110303, 110309, 110909, консигнациона продажба, малограничен промет со Албанија, Грција, Бугарија и СР Србија.

Во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка, а за обврските настанати во правниот промет со трети лица целосно одговара.

Лице овластено за застапување на друштвото е Љубинка Војницалиева-Шундуловска, управител со неограничено овластување.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 4419/96. (332)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 4835/96 на регистарска влошка 1-66775-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на име на Претпријатието за градежништво, инжинеринг и трговија „ИЗОМАК ИНЖИНЕРИНГ" д.о.о. ул. „Кузман Јосифовски Питу" бр. 10, Скопје и во иднина ќе гласи: Претпријатие за градежништво, инжинеринг и трговија „ИЗОМАК" д.о.о. ул. „Кузман Јосифовски Питу" бр. 19, Скопје.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 4835/96. (624)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 1933/96 на регистарска влошка 1-40661-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на основач и лице овластено за застапување во внатрешен и надворешен трговски промет на Прометното посредничко претпријатие „Даре-комерц" експорт-импорт д.о.о. ул. „Партизански одреди" бр. 133-1/12, Скопје.

Се брише досегашниот директор Дарко Тенев, а се запишува Владимир Зафировски.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 1933/96. (626)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 4592/96 на регистарска влошка 1-18170-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на фирма на Претпријатието за внатрешна и надворешна трговија д.о.о. во мешовита сопственост „ФЕРОЕЛЕКТРО" ул. „Партизански одреди" 64г III/20, Скопје

Приватно претпријатие за производство, промет и услуги „ФЕРОЕЛЕКТРО" д.о.о. Скопје, ул. „Партизански одреди" 64-I III/20, Скопје.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 4512/96. (627)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 4136/96 на регистарска влошка 1-22704-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на назив на седиште, проширување на дејност во внатрешен и надворешен промет и промена на директор на Претпријатието за производство, услуги и трговија „ВЕДАТ 96" д.о.о. експорт-импорт, Куманово, с. Отља, Куманово.

Новиот назив на фирмата е Претпријатие за производство, услуги и трговија „ВЕДАТ 96" д.о.о. експорт-импорт Куманово.

Кон претпријатието пристапува Шакири Атула од с. Отља.

Дејности: 011941, 012130, 012142, 012201, 012321, 012322, 012421, 013021, 050100, 060501, 060502, 060503, 060601, 060602, 070131, 070240, 110109, 110309, 110402, 110404, продажба на стоки од консигнациони складишта, работи за привремен увоз и извоз на стоки, бесцарински продавници, меѓународен транспорт на стоки и патници, меѓународна шпедиција, малограничен промет со Југославија.

Се брише Тодор Ѓорѓиев, а се запишува Шакири Атула како нов директор.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 4136/96. (628)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 4959/96 на регистарска влошка 1-20745-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на основач и директор на „КОНВОЈ" увоз-извоз Претпријатие за производство, промет и услуги п.о. ул. „29-ти Ноември" бр. 42/Л-6, Скопје.

Пристапува основачот Левенски Зоран, а истапува Николовска Драгица.

Се брише Николовска Драгица, а се запишува Левенски Зоран.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 4959/96. (629)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 4248/96 на регистарска влошка 1-45442-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на назив, седиште и директор на Транспортното трговско претпријатие „Адриа Никол Транспорт" д.о.о. експорт-импорт нас. Чашка, Велес.

Новиот назив на фирмата е „Адриа-Никол Транспорт" д.о.о. експорт-импорт, нас. Чашка, Велес.

Кон претпријатието пристапува Ицковски Никола.

Се брише Анастасов Димо, а се запишува Ицковски Никола, како нов директор.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 4248/96. (630)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 4354/96 на регистарска влошка бр. 1-68636-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето на Трговското друштво за производство, трговија и услуги „АРКОНТ ДРАГИЦА" дооел ул. „Амди Демир" бр. 4, Скопје.

Основач: Радица Козаровска од Скопје.

Дејности: 011010, 011091, 011092, 011093, 011099, 011311, 011312, 011313, 011314, 011315, 011316, 011319, 011320, 011390, 011411, 011412, 011413, 011419, 011420, 011430, 060501, 060502, 070111, 070112, 070113, 070114, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070128, 070129, 070131, 070132, 070140, 070150, 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070227, 070229, 070230, 070240, 070250, 070260, 080201, 080202, 090123, 090209, 100101, 100102, 100340, 110109, 110301, 110302, 110303, 110309, 110401, 110402, 110403, 110405, 110406, 110903, 110905, 110620, 110903, 110909, 130112.

Друштвото во прометот истапува во свое име и за своја сметка, а за преземените обврски одговара со целиот имот. Лице овластено за застапување во внатрешниот и надворешниот трговски промет е Радица Козаровска-управител на друштвото со неограничени овластувања.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 4354/96. (287)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 4856/96, на регистарска влошка бр. 1-68631-0-0-0, го запиша во судскиот регистар уписот на трговец поединец Т.П. „РЕНО“ таксист Андоновски Кирил Борче ул. „Борис Кидрич“ бр. 4-а, Крива Паланка.

Трговец Поединец со шифра – 060501.

Андоновски Кирил Борче, одговара со целокупниот свој имот, управител без ограничување.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 4856/96. (288)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 4939/96 на регистарска влошка бр. 1-58541-0-0-0, го запиша во судскиот регистар уписот на трговец поединец на „ТП“ „СЕНТАХ“ – таксист Енвер Рамиз Осман ул. „Лука Геров“ бр. 24-а, Скопје.

Дејности: 060602, превоз на патници со такси автомобили.

Управител: Осман Енвер од Скопје.

Трговец поединец во правниот промет истапува во свое име и за своја сметка, а за обврсктие одговара со сиот свој имот.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 4939/96. (289)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 3362/96, на регистарска влошка бр. 1-68571-0-0-0, го запиша во судскиот регистар уписот на трговец поединец на Авто такси „ФАТИ“ Т.П. – Фајзулан Сабри Фатмир с. Батинци, Скопје.

Авто таксито е основано со акт за основање од 24.10.1996 год. а основач е Фејзулаи Фатмир.

Во внатрешен промет е дејноста 060602.

Трговец-поединец во правниот промет истапува во свое име и за своја сметка.

За обврските превземени во правниот промет трговецот-поединец одговара со сиот имот и средства.

Фејзулаи Фатмир, управител, без ограничување.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 3362/96. (290)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 4868/96, на регистарска влошка бр. 1-68680-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето на трговец поединец на „Мики Маус“ ТП Тејфит Сулејман Амишев ул. „Блажо Алексов“ бр. 3, Кавадарци.

Дејности: 07011, 070112, 070113, 070114.

Во правниот промет истапува во свое име и за своја сметка.

За обврските со трети лица одговара лично со целиот свој имот.

Лице овластено за застапување Тејфит Амишев. Основано со изјава зав. бр. 1 1330/96 од 16.12.1996 год. а основач е Тејфит Амишев.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 4868/96. (291)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 4926/96, на регистарска влошка бр. 1-68683-0-0-0, го запиша во судскиот регистар уписот на трговец поединец Чекиќ Рамо Исмет „ИКО“ Трговија на мало со авто-гуми ул. „Андреа Зограф“ бр. 6-а, Скопје.

Основач: Исмет Рамо Чекиќ од Скопје.

Дејности: 070140, трговија на мало со возила и делови (авто гуми и моторни масла)

Трговецот поединец, во правниот промет со трети лица, настапува во свое име и за своја сметка.

За обврските сторени во правниот промет со трети лица, одговара лично со целокупниот свој имот.

Лице овластено за застапување е Исмет Рамо Чекиќ-управител без ограничување.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 4926/96. (292)

